ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
на кварталните извештаи на Буџетот на Општина Виница
за период од 01.01.2024-30.06.2024

Во **кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Виница**, е искажана реализацијата на приходите и расходите заклучно со 30.06.2024 година .

Вкупните приходи на Буџетот на Општина Виница кои се реализирани до крајот на овој квартал изнесуваат 192.220.474,00 денари или 52,18% од вкупно планираните приходи во износ од 368.356.000 денари.Во вкупно реализираните приходи, пренесениот вишок на приходи од претходната година изнесува 13.570.853 денари.

Приходите на Основниот буџет се остварени во износ од 56.165.340 ,00 денари или 52,69 % во однос на планираните 106.601.000 денари.Од нив даночните приходи се остварени во износ од 27.296.852,00 денари или 53,71%, неданочните приходи се остварени во износ од 1.246.134,00 или 65,93 %, трансферите се остварени во износ од 25.029.336,00 или 56,99% (во овој износ влегува пренесениот вишок на приходи од претходната година во износ од 3.633.925,00 денари) и капиталните приходи се остварени во износ од 2.593.018,00 ден. или 26,01 % во однос на планираните .

Приходите од дотации се остварени во износ од 127.743.312,00 ден. или 51,39 %, приходите од самофинансирачките активности се остварени во износ од 7.497.601,00 денари или 60,66% , и приходите од донации се остварени во износ од 814.221,00 денари или 98,69 % во однос на планираните.

Вкупните расходи на Буџетот се остварени во износ од 177.822.162,00 денари или 48,27% во однос на планираните.

Расходите на основниот буџет се остварени во износ од 52.345.146,00 денари или 49,10% од планираните расходи, дотациите се остварени во износ од 118.333.088 денари или 47,61%, самофинансирачките активности се остварени во износ од 6.511.170,00 денари или 52,68 % од планираното и донациите се остварени во износ од 632.758 денари или 76,70% .

Тековно оперативните расходи на вкупниот буџет се остварени во износ од 166.045.898,00 денари, што претставува остварување од 49,45 % во однос на планираните тековно оперативни расходи или 45,08% од вкупно планираните расходи во буџетот.

Од вкупните тековно оперативни расходи во :

- основниот буџет се реализирани 42.056.582 ден.
- наменска дотација се реализирани 117.151.978 ден.
- самофинансирачки активности се реализирани 6.204.580 денари и
- донациите се реализирани 632.758 ден.

Капиталните расходи се остварени во износ од 11.776.264,00 денари, што претставува остварување од 36,15% во однос на планираните капитални расходи или 3,20% од вкупно планираните расходи во буџетот.

Од вкупните капитални расходи во:

- основниот буџет се реализирани 10.288.564 ден.
- наменска дотација се реализирани 1.181.110 ден. и
- самофинансирачки активности се реализирани 306.590 ден.

Во **кварталниот извештај за доспеани ненамирени обврски** заклучно со 30.06.2024 година се искажани доспеаните а неплатени обврски на Општина Виница во износ од 36.344.470,00 ден. Во овој износ влегуват и неисплатените надоместоци на советниците во износ од 1.107.118 денари, позајмицата од Републичкиот буџет (5.360.000денари и камата 544.709 денари) а останатите се обврски спрема добавувачи. Недоспеаните обврски кои не влегуваат во овој извештај изнесуваат 8.561.408,00 денари (во овој износ 2.867.360 денари се однесуваат на рата за кредитите и за структурната обврзница).

Во **кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување** на општините и јавните претпријатија (КЗ), прикажано е задолжувањето само на Општина Виница и тоа по:

- Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии на РМ за заем од Светска банка за проект „Подобрување на општинските услуги“ т.е. за „Набавка на две специјални возила за собирање на комунален отпад“ во износ од 8.708.400,00 ден. за кого се повлечени средствата во вкупниот износ и исплатени на добавувачот.Во овој квартал општината немаше обврска за плаќање на главнина и камата , па долгот на крајот на кварталот изнесува 1.306.260,00 ден. и

- Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии на РМ за заем од Светска банка за проект „Подобрување на општинските услуги“ т.е. за „Изградба на улица „2008“ блок 12“ и за „Изградба на атмосферска канализација на улица „Браќа Миладинови“ и улица „Илинденска “ во износ од 43.606.046,00 ден. Во овој квартал општината немаше обврска за плаќање на главнина и камата , па долгот на крајот на кварталот изнесува 8.721.198,00 ден.

Јавните претпријатија основани од општината немаат земено кредити.